**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5663 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во седмиот десетдневен период, од 1 до 10 ноември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг

согласно Методологијата. Телевизијата емитува кратки и фактографски вести од 5-6 минути поврзани со најактуелните случувања во земјава.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

На 4, 5 и 7 ноември 2016 година, беше емитувано репризното издание на емисијата „**Репортажа за Битола**". Се зборуваше за градот Битола, за неговите културно-историски споменици, како и за неговиот развој низ времето. Во репортажата се појавува и градоначалникот на Битола, Владимир Талески, кој говори за градот, за браќата Манаки, за конзулите итн.

На 3 ноември 2016 година, со почеток во 15 часот и 25 минути, се емитуваше емисијата „**Кажи и направи нешто добро за Македонија**" со водителката Марија Бразда. Емисијата беше посветена на Општина Сопиште и алфалтирањето на улиците. Беше нагласено дека градоначалникот на Општина Сопиште, Стефче Трпковски, извршил увид во градежните работи во Општината. Во изминатиот период во Сопиште биле асфалтирани пет локални улици, но и локални патишта кои поврзуваат повеќе села. Беа наведени патиштата кои биле асфалтирани како и најава за асфалтирање на локален пат. Се емитуваше изјава на градоначалникот Трпковски, во која нагласи дека сезоната ја завршуваат со многу локални патишта и улици. Водителката набројуваше кои патишта се направени и што значат тие за овие жители, но и потенцираше дека 50 години до сега не биле асфалтирани, односно санирани. Истиот ден емисијата имаше уште две репризни изданија, а на 4 и 5 ноември уште по едно репризирање.

*<u>Интервју</u>*

На 5 ноември 2016 година, се емитуваше премиерно издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда. Гостин беше: Игор Дурловски – оперски пејач и директор на МОБ. Во емисијата претежно се зборуваше за кариерата на Дурловски, односно како станал врвен оперски пејач. Во еден дел од интервјуто, тој се осврна и на работата во МОБ. На 6 ноември 2016 година, емисијата имаше три репризни изданија.

Во премиерното издание на емисијата „**Интервју**" со водителката Марија Бразда, емитувано на 6 ноември 2016 година, гостин беше Мендо Димовски, новинар, публицист. Се зборуваше за промоцијата на неговата книга „Јас"; за неговата воена кариера, односно воеността новинарство. Емисијата се репризираше истиот ден и двапати на 7 ноември 2016 година.

***Сектор за програмски работи***